РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 47 - 2375/1

30.05.2017 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 167/2010 и 51/2011), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015), на _____._____.2017 година, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување на Правилникот за систематизација на работни места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

### Член 1

Со овој правилник се врши измена на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/1 од 9.6.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 43-5893/5 од 23.11.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија 04-5107/1 од 28.6.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-5107/4 од 14.7.2016 година, така што во членот 11 кај работното место под реден број 14 (Државен советник за општи и организациони работи) во табелата во делот - вид на образование, наместо „Наука за книжевноста, Образование, Кинезиологија“, треба да стои **„Наука за книжевноста, Социологија, Кинезиологија“.**

### Член 2

Утврдените измени и дополнувања во овој Правилник се однесуваат и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

### Член 3

Овој Правилник влегува во сила со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а ќе се објави по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број ____-________/______

____.____.2017

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Кирил Божиновски**

Подготвил: Емилија Голубовска
Согласен: Светлана Димитровска
Одобрил: Надица Апостоловска